РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 31-2236/4
14. 05 2026 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став 2 точка 15 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.8/10, 12/10, 8/14, 2/18, 3/19, 8/21, 1/23, 5/23, 14/23, 05/24, 09/24), согласно Програмата за култура и културни манифестации за 2026 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.13/25 и 4/26), а во врска со Јавен повик за доделување финансиска поддршка за избор на организатор за реализација на ,,Меѓународен фолклорен фестивал 2026" бр.31-2236/1 од 28.04.2026 година, Градоначалникот на Општина Крива Паланка на ден 14.05.2026 година го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

### за избор на организатор за реализација на „Меѓународен фолклорен фестивал 2026"

1. За организатор за реализација на **„Меѓународен фолклорен фестивал 2026"**, кој ќе се одржи на **25.08.2026 година, 26.08.2026 година и 27.08.2026 година**, по спроведен Јавен повик за доделување финансиска поддршка, **се избира: Културно уметничко здружение ,, Карпош"- Крива Паланка** со седиште на ул. Маршал Тито, бб Крива Паланка.

2. Организаторот е избиран согласно условите, критериумите и обврските утврдени во Јавниот повик за доделување финансиска поддршка за реализација на „Меѓународен фолклорен фестивал 2026" бр. 31-2236/1 од 28.04.2026 година.

3. За реализација на фестивалот, Општина Крива Паланка ќе обезбеди финансиска поддршка во износ до **650.000,00 денари,** согласно доставениот и одобрен финансиски план и согласно средствата предвидени во Програмата за култура и културни манифестации за 2026 година.

4. Со организаторот ќе се склучи договор со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски, начинот на реализација на фестивалот, динамиката на исплата на средствата, како и обврската за доставување финансиски и наративен извештај по завршување на фестивалот, а најдоцна до 31.12.2026 година.

5. Паричните средства во висина од **650.000,оо денари** да бидат исплатени на **Културно уметничко здружение ,, Карпош"- Крива Паланка** со седиште на Маршал Тито бб Крива Паланка со ЕДБ 4015987102022, трансакциска сметка број 320 1000049987 02 депонент во Централна кооперативна банка АД Скопје.

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а против истото не е дозволена посебна жалба.

## *Образложение*

Врз основа на Јавниот повик бр. 31-2236/1 од 28.04.2026 година за доделување финансиска поддршка за реализација на „Меѓународен фолклорен фестивал 2026", до Комисијата за разгледување и оценување на пријавите пристигна Пријава бр. 31-2236/2, заедно со потребната документација, од Културно-уметничко здружение „Карпош" – Крива Паланка. Комисијата изврши административна проверка и оценување на пристигнатата пријава согласно критериумите утврдени во Јавниот повик, за што е составен Записник бр.



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка
INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

31-2236/3 од 13.05.2026 година. Врз основа на извршеното бодирање и изготвената ранг-листа, Комисијата утврди дека апликантот Културно-уметничко здружение „Карпош“ – Крива Паланка ги исполнува условите од Јавниот повик, поради што предложи истиот да биде избран за организатор на „Меѓународен фолклорен фестивал 2026“

На основ на горенаведеното Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**